АФПЗРР-СОП-ФО-10

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА

# У П А Т С Т В О

ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА ЗА:

МЕРКА131 ЕКОНОМСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Септември 2018

# *СОДРЖИНА*

СОДРЖИНА

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА....3
Што се финансира со мерките од Програмата?....3
Што нема да се финансира со мерките од Програмата?....4
Исплата на средства?....4
НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ....4
ОПШТИ ПРИНЦИИ....4
ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ....4
МЕРКИ НА ФИНАНСИРАЊЕ....5
МЕРКА 131 - ЕКОНОМСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ....5
Потточка 131.1 - Основање и функционирање на земјоделски задруги регистрирани во Регистар на земјоделски задруги при МЗТТТВ....5
Потточка 131.2 - Организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи....5
Потточка 131.3 Помош за премии за осигурување во вид на надоместок на дел од трошоците за осигурување и тоа во висина која нема да надминува 70% од трошокот за осигурување на производните капацитети на земјоделска задруга од мал обем и 80% за осигурување на производните капацитети на земјоделска задруга од голем обем, но не повеќе од 3.000.000, денари на годишно ниво....6
Потточка 131.4 Инвестиции за набавка на земјоделска механизација во висина од 90% од вкупната вредност на набавката....6
МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ....6
КОРИСНИЦИ....7
ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ....7
ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ....9
ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ....11

## ВОВЕД

Ова Упатство има за цел запознавање на корисниците со целта, начинот на спроведување и намената на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за Мерка:

Мерка 131 - Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност,

131.1 Помош за основање и функционирање на земјоделски задруги регистрирани во Регистар на задруги при МЗШВ.

131.2 Помош за премии за осигурање во вид на надоместок на дел од трошоците за осигурување и тоа во висина која нема да надминува 70% од трошокот за осигурање на производните капацитети на земјоделската задруга од мал обем и 80% за осигурање на производните капацитети на земјоделската задруга од голем обем, но не повеќе од 3.000.000 денари на годишно ниво.

131.3 Инвестиции за набавка на земјоделска механизација во висина од 90% од вкупната вредност на инвестицијата.

131.4 Инвестиции за примена на заеднички производни практики за усогласување на стандардите за квалитетот на земјоделските производи или за производство на земјоделски производи со повисок квалитет.

131.5 Организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи.

Упатството вклучува и објаснување по однос на процесот на доставување на документи, обработка на барањата, потпишување на договори, контрола на лице место и реализација на инвестициите.

## ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Што се финансира со мерките од Програмата?

Мерките се насочени кон финансирање на капитални инвестиции и финансирање на оперативни и материјални трошоци. Во одредени случаи се финансираат и трошоците за изработка на градежни проекти. Финансиската поддршка се однесува исключиво на инвестиции кои се наведени како прифатливи инвестиции во рамки на секоја потточка одделно.

Средствата за Мерката 131 Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност се наменети за воспоставување на задруги во тековната година и одржување на работата на веќе воспоставените задруги, за инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга и за

помош за организирање на информативни и промотивни настани за промоција на земјоделската задруга и нејзините производи.

Што нема да се финансира со мерките од Програмата?
Со мерките од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година нема да се финансираат јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки, судски такси, лизинг, и надомест за социјално здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

Исплата на средства?
Исплатата на средствата за мерките дефинирани во оваа Програма ја врши Агенцијата, преку Секторот за одобрување на исплата, во висина на вредност на прифатливи трошоци со исклучок на даноци, јавни царински давачки и складиштење, судски такси, лизинг, и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

### *ОПШТИ ПРИНЦИИ*

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за подмерките 131.3 и 131.4 се врши врз основа на одобрено барање за користење на средства од Програмата и склучен Договор за финансиска поддршка за одобрена инвестиција, по потточки. Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата која мора да е во согласност со Договорот за финансиска поддршка склучен со Агенцијата. Корисникот на Програмата во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

Барателите за подмерките 131.3 и 131.4 не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишување на Договор за ко-финансирање со Агенцијата.

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

### *ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ*

- Принцип на грант - Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Македонија.
- Принцип на видливост - Корисникот е должен во рок од 5 години да има истакнато налепница или натпис на инвестицијата со која означува дека инвестицијата е ко-финасирана со средства од Програмата.

## МЕРКИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

## МЕРКА131 - ЕКОНОМСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

***Потточка 131.1*** - Основање и функционирање на земјоделски задруги регистрирани во Регистар на земјоделски задруги при МЗШВ

Прифатливи Трошоци:

- трошоци за воспоставување на земјоделската задруга освен за веќе воспоставени задруги;
- трошоци за закуп на простории и објекти за работа на задругата освен за веќе воспоставени задруги;
- трошоци за набавка на компјутерска опрема, канцелариски мебел и компјутерски софтвер за планирање, управување, следење и контрола освен за веќе воспоставени задруги;
- бруто плата на стручни лица за управување со земјоделската задруга, административни и технички работници;
- услуги од трети лица за водење на сметководство и ревизија на работењето на земјоделската задруга;
- услуги од трети лица за едукација на вработените стручни лица во земјоделската задруга;
- трошоци за информирање на членовите на земјоделската задруга
- услуги од трети лица за организирање и спроведување на програми за обука на членовите на земјоделската задруга вклучително и патни и дневни трошоци на членовите на земјоделската задруга во висина која не надминува 800 денари по учесник на дневна основа; и
- трошоци за организирање на промотивни настани за привлекување и ширење на членството на задругата

***Потточка 131.2*** - Помош за премии за осигурување во вид на надоместок на дел од трошоците за осигурување и тоа во висина која нема да надминува 70% од трошокот за осигурување на производните капацитети на земјоделска задруга од мал обем и 80% за осигурување на производните капацитети на земјоделска задруга од голем обем, но не повеќе од 3.000.000, денари на годишно ниво

***Потточка 131.3*** - Инвестиции за набавка на земјоделска механизација во висина од 90% од вкупната вредност на набавката

Прифатливи Трошоци:

- трактори до 95 КС;
- култиватори или мото-култиватори;

- опрема и приклучна механизација за припрема на почвата, садење или за берење/собирање/жнеење и транспорт;
- генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;
- градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површински води за наводнување на земјоделски имот на корисникот;
- градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- градежни материјали и елементи за конструкција на расадници со опрема за микроклиматски услови;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи;
- услуги од трети лица за инсталирање на опремата вклучително и софтвер и
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација.

*Потточка 131.5* - Организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи

Прифатливи Трошоци:

- трошоци за организирање и спроведување промотивни настани за промоција на земјоделска задруга и нејзините производи
- трошоци за закуп на простор за изложување на земјоделски производи кои ги произведуваат членовите/основачите на организационата форма на економско здружување на земјоделски стопанства
- трошоци за изработка на штандови и уредување и опремување на изложбениот дел;
- трошоци за награди и промотивен материјал за членовите/основачите на организационата форма на економско здружување на земјоделски стопанства како учесниците кои изложуваат на манифестацијата/саемот;

  патни и дневни трошоци на учесниците за учество на саемски манифестации и саеми како изложувачи;

  трошоци за транспорт на опремата и производите на учесниците за учество на саемски манифестации и саеми како изложувачи;

  услуги од трети лица за организирање на промотивна кампања за организационата форма на економско здружување на земјоделски стопанства и услуги за изработка на веб-страна и одржување на веб-страната;

## МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ

Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за сите потточки вкупно изнесува до 1.000.000 денари годишно.

Висина на прифатливи трошоци за бруто плати не може да надмине 100% од вкупните прифатливи трошоци за првата година од просечната плата исплатена во Република Македонија за претходната година, со намалување од 20% за секоја наредна година во период не подолг од пет години.

Финансиската поддршка за мерката 131 од Програмата за финансиска поддршка на руралиот развој за 2018 година може да се додели на две рати од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

Поддршката од Мерката 131.2 за организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи се доделува во износ од 100% од вкупно прифатливите трошоци за спроведување на предвидените активности во програмата за работа на земјоделската задруга и може да се додели на две рати.

## КОРИСНИЦИ

Корисници на мерката 131 се земјоделски задруги регистрирани во Регистар на земјоделски задруги при МЗШВ во согласно со Законот за земјоделски задруги.

## ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ

-Барателите кои ги исполниле условите за користење на средства за мерата 131 за инвестиции за набавка на земјоделска механизација се рангираат со бодување согласно подолу прикажаната табела, утврдено во Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој.

-Поддршката се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, кој треба да ја предвидува потребата за користење на набавената земјоделска механизација за период од пет години од денот на одобрувањето на поддршката.

-Агенцијата ќе склучи договори во рамките на расположливите средства со барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка. Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства согласно Програмата за финансиска поддршка на

руралниот развој за 2018 година, Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.

Бодување за економски здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност за инвестиции за набавка на земјоделска механизација

| **Критериуми** | | **Бодови** |
|---|---|---|
| Дата на упис во регистарот | -од 2013 до 2015<br>-во 2016<br>-во 2017<br>-од 2018 | 5<br>4<br>3<br>2 |
| Број на вработени во земјоделската задруга | -ако има еден вработен<br>-ако има два вработени<br>-ако има три или повеќе вработени | 5<br>10<br>15 |
| Промет преку земјоделската задруга | -ако е од 250.000 до 1.000.000 денари<br>-ако е од 1.000.000 до 3.000.000 денари<br>-ако е над 3.000.000 денари | 5<br>10<br>15 |
| Обем на земјоделската задруга | -до 10 земјоделски стопанства<br>-од 11 до 20 земјоделски стопанства<br>- 21 или повеќе земјоделски стопанства | 5<br>10<br>15 |
| Број на планирани нови работни места утврдени од деловниот план, поврзани со потребата за набавка на земјоделска механизација | -едно ново работно место<br>- две нови работни места<br>- три и повеќе нови работни места | 5<br>10<br>15 |
| | -инвестиции за подобрување на квалитетот на производите | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| Воведување на нови технологии | - воведување на нови производи за постоечки пазари<br><br>- инвестиции во нови методи на производство или преработка на производите | 5<br><br>5 |
| Учество на жени фармери и млади земјоделци во вкупниот број на членови на земјоделската задруга | -ако припадници на женски пол учествуваат со 10-30%<br><br>- ако припадници на женски пол учествуваат повеќе од 30% | 2<br><br>3 |
| | -ако има еден член на возраст од 18-25 години<br><br>- ако има повеќе од еден член на возраст од 18-25 години | 1<br><br>2 |
| Млад управител до 40 години | | 10 |
| Земјоделски задруги основани во рурални средини лоцирани во „Планински“ области (700 м) | | 5 |
| Вкупно | | 100 |

-Најголем број на бодови што може да ги добие земјоделската задруга изнесува 100 бода, согласно со бодувањето дадено во Прилог кој е составен дел на овој правилник.
-За да биде прифатлива, земјоделската задруга треба да добие најмалку 30 бода.

-Поддршката не ги опфаќа земјоделските задруги кои во претходните јавни повици набавиле земјоделска механизација од ист тип на инвестиција по овој вид на поддршка од мерката 131 од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој.

-Земјоделските задруги кои во претходните јавни повици набавиле земјоделска механизација од ист тип на инвестиција по овој вид на поддршка од мерката 131 од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој можат да користат друг тип на инвестиција од земјоделска механизација доколку прикажат зголемување на бројот на членови во земјоделската задруга од 20%.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

За подмерките 131.1, 131.2 и 131.5 барателот доставува барање за исплата на средства, а за подмерките 131.3 и 131.4 барање за користење на средства.

**Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе само едно барање за една мерка или најмногу 2 барања по различни мерки земајќи ги предвид и останатите мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година**.

**За подмерка 131.1, 131.2 и 131.5 потребни се следните документи**

| | Општи документи | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Потврда дека правното лице нема забрана за вршење дејност (оригинал и не постара од 1 месец) | | Да |
| 2 | Потврда дека одговорното лице на правото лице нема забрана за вршење професија, дејност или должност (оригинал и не постара од 1 месец) | | Да |
| 3 | Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистер и регистерот на други правни лица (оригинал или фотокопија заверена на нотар - не постара од 1 месец) | | Да |
| 4 | Доказ за платени даноци издаден од Управа за јавни приходи (оригинал и не постара од 1 месец) | | Да |
| 5 | Решение за упис во Регистар на земјоделски задруги при МЗШВ | | Да |
| 6 | Акт за основање на субјектот (копија, заверена со оригинал печат од задругата) | | Да |
| 7 | Фактури и останати финансиски документи за сите настанати трошоци вклучително и договори за закуп на деловен простор (оригинал, заверени со печат и потпис) | Н/П | Да |
| 8 | Испратници за испорачана опрема (оригинал, уредно заверени) | Н/П | Да |
| 9 | Полиса за осигурување на производните капацитети на задругата за 2018 година | Н/П | Да |
| 10 | Налог за плаќање ПП30 за сите извршени плаќања (оригинал, со потпис и печат од банката) | Н/П | Да |
| 11 | Извод од банка за сите извршени плаќања | Н/П | Да |
| 12 | Збирна рекапитулација за пресметка на плата (изработена од Вашиот сметководител, оригинал со печат и потпис од правното лице за вршење сметководство) | Н/П | Да |
| 13 | Декларација за прием на пресметка на исплатувачот на плати за пресметаниот персонален данок | Н/П | Да |
| 14 | Извод од банка за исплатени плати кон управителот и/или работниците (оригинал, со печат и потпис во банката) | Н/П | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | Договор (заверен на нотар) со давателот на услугата – изработка на штандови, уредување на простор, органзирање промотивна кампања, изработка и одржување на веб страна и др. | Н/П | Да |
| 16 | Доказ за направени патнии дневни трошоци за учество на саемски манифестации и саеми како изложувачи | Н/П | Да |
| 17 | Копии од сертификати на обучувачите пропратено со кратка биографија | Н/П | Да |
| 18 | Список со потписи на сите посетувачи на извршените едукации, заверен со потпис и печат од организаторот на обуката (копија) | Н/П | Да |
| 19 | Агенда од посетуваната обука (со наведен термин на реализација, заверена од организаторот на обуката) | Н/П | Да |
| 20 | Сертификат од посетувана обука (копија) | Н/П | Да |
| 21 | Примерок од едукативни материјали (копија) | Н/П | Да |
| 23 | Примерок од печатени пропагандни материјали, идентификациски знаци на задругата | Н/П | Да |
| 24 | М1/М2 образец за доказ на заснован работен однос на управителот/ работниците за кои се бара поддршка (копија) | Н/П | Да |
| 25 | Програма за работа на земјоделската задруга | Н/П | Да |

**За подмерка 131.3 и 131.4 потребни се следните документи**

| | |
|---|---|
| 1. | Уредно и целосно пополнето електронско Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година ПРР - 112; |
| 2. | Деловен план - изготвен согласно Упатството за изготвување на Деловен план за работа на земјоделската задруга со планирана инвестиција |
| 3. | Понуда или профактура со детална спецификација за производи/услуги до 10.000 евра или Три понуди или профактури со детална спецификација за производи/услуги над 10.000 евра кои ќе бидат споредливи помеѓу себе по ставки, количина и капацитет и посебно изразено ДДВ. Понудите да не се постари од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик (доколку барателот не ја одбере најниската понуда/про-фактура, барателот е должен во прилог на Барањето да достави образложение за одбраната понуда по однос на цена и технички спецификации) |
| 4. | Потврда за упис во Регистар на земјоделски задруги при МЗШВ |
| 5. | Одлука на собранието на земјоделската задруга за потребната набавка на земјоделска механизација |
| 6. | Доказ за исплата на плати на вработените во земјоделската задруга за претходната година или за новоформираните земјоделски задруги исплата на последната плата |

ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ

1. Барателот поднесува едно уредно и комплетно пополнето барање
2. Барателот ја доставува документација во затворен плик, преку пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул. бул„3-та Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак Блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на агенцијата секој работен ден од 9:00 до 16:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" и мерката / потточката за која аплицира.
3. Барателот ја доставува дополнителната документација во затворен плик. преку пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул. бул„3-та Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак Блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на агенцијата секој работен ден од 9:00 до 16:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" дополна за архивски број.
4. Доколку инвестицијата вклучува градба за која согласно Законот за градба (Службен весник на РМ број 51/05, 82/08, 106/08) е потребно да се достави одобрение за градба од надлежен орган заедно со техничката документација врз основа на која е издадено одобрението за градба.
5. Доколку понудите/про-фактурите кои се доставени во прилог на проектот се од странство, потребно е истите да бидат преведени на македонски јазик од овластен судски преведувач.
6. Исплатата на средства од оваа Програма по корисници ја врши Агенцијата врз основа на претходно одобрени барања со склучен договор за финансиска поддршка за рурален развој и одобрени барања за исплата.
7. Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата во висина на вредност на прифатливи трошоци согласно оваа Програма со исклучок на вредноста на јавните давачки по основ на даноци, јавни царински давачки, судски такси, лизинг, и надомест за социјално, здравствено и пензиско-инвалидско осигурување.
8. Одобрените и исплатени средства се неповратни при што корисникот не смее да ја отуѓи инвестицијата ко-финансирана од средствата на оваа Програма во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата.

9. Доколку вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во барањето, се разликува од вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во профактурата/понудата, или доколку вкупната вредност на инвестицијата

без ДДВ наведена во профактурата/понудата се разликува од вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во барањето, Агенцијата како важечка сума за ко-финаисрање ќе ја земе пониската вредност.

10. Доколку корисникот на средства од Програмата поднесе барање за измена и дополнување на Договорот во случаи наведени во Договорот (прилог 1 на ова упатство), истиот е должен да достави барање за измена и дополнување на Договорот;
11. Доколку барателот или корисникот на средства од Програмата ја промени адреста за кореcподенција, истиот е должен да ја извести Агенцијата.
12. Доколку барателот се откажува од инвестицијата односно не бара финансиска поддршка од Агенцијата, пред донесување на одлука за ко-финансирање, истиот е должен писмено да ја извести Агенцијата
13. Почеток на реализација на инвестициите е по потпишување на договорот.
14. Барателот јасно да го назначува бројот на одбраната понуда или про-фактура.
15. Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација.

Образецот-Барање за користење на средства и Барање за исплата на средаства заедно со листата на потребни документи кои се доставува во прилог на барањето се достапни на веб страната на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk. и во архивата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. За подетално информирање на потенцијалните баратели на финансиска поддршка изготвено е Упатство за корисници за сите мерки кое исто така може да се подигне на горе споменатите места.

НАПОМЕНА: Во случај на техничка грешка во текстот на овој оглас важат одредбите од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година Контакт: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на проекти или Сектор за одобрување исплати.
Телефон 02 3097 450, секој работен ден од 10.00 до 16.30 часот
Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

ДЕФИНИЦИИ

Во контекст на овој договор, изразите кои се користат во овој договор го имаат следното значење:

- "Вкупна одобрена вредност на инвестицијата" се трошоците кои АФПЗРР ги одобрува како прифатливи за ко-финансирање согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година;
- "Финансисика поддршка" се средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година кои АФПЗРР ги ко-финансира во согласност со овој договор;
- "Општи трошоци" се надоместоците за архитекти и инженери, други трошоци за консултантски услуги, физибилити студии, стекнување со патент, права и дозволи;
- "Прогласена природна непогода" се инциденти предизвикани од природни сили кои е невзможно да се контролираат, а кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата и предизвикуваат штети на земјиштето, културното наследство и животната средина (земјотреси, поплави, ерозии, лавини, лизгања на земјиште, бури, оштетувања на брани и бедеми, суши, атмосферски катастрофи).
- „Виша сила" е исклучителен настан или околности, надвор од контролата на договорните страни која ги спречува едната или двете договорни страни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.

Примероците од ова Упатство заинтересираните можат да ги подигнат директно во:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**бул. Трета Македонска Бригада бр.20 1000 Скопје**

Тел.02/3097-460

електронската верзија на пакетот за аплицирање на веб-адресата на Агенцијата:
www.ipardpa.gov.mk